Врз основа на член 74 точка 6 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на РМ“ бр. 19/95), министерот за внатрешни работи донесе

# У П А Т С Т В О
# ЗА НАЧИНОТ НА ПОСТАПУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕНИТЕ СЛУЖБЕНИ ЛИЦА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ СО ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНИ И ПРОНАЈДЕНИ ПРЕДМЕТИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со ова упатство се пропишува, начинот на постапување на овластените службени лица во Министерството за внатрешни работи на Република Македонија (во понатамошниот текст: Министерството) со привремено одземени и пронајдени предмети.

### Член 2

Привремено одземени предмети се оние кои овластеното службено лице ќе ги одземе доколку за нив постои основано сомневање дека се употребени или биле наменети за извршување на кривично дело или прекршок, или се предмет на кривично дело, прекршок, или стопански престап, по налог на судот или за нив се води управна постапка.

Пронајдени се оние предмети на кои во моментот на нивното наоѓање не може да им се утврди сопственикот односно владетелот.

### Член 3

За привремено одземените предмети се води посебна евиденција од овластен работник на Министерството.

Евиденцијата од ставот 1 на овој член се води во седиштето на Министерството - во организационата единица која врши материјално-финансиски работи и во подрачните организациони единици на Министерството каде е извршено привремено одземање на предметите.

Евиденцијата се води во вид на регистар кој ги содржи следните податоци: име на овластеното службено лице кое извршило одземање на предметите, основ по кој е извршено одземањето, опис на привремено одземениот предмет, наведување на сите негови општи или индивидуални карактеристики, надлежен орган за водење на постапката, местото каде привремено се чуваат предметите, правосилната одлука и што е одлучено со неа за предметите (да се вратат на оштетениот, да се продадат и слично).

Заради водење на евиденцијата од ставот 2 на овој член за секое извршено привремено одземање на предмет, подрачните организациони единици на Министерството во рок од 3 дена го известуваат седиштето на Министерството.

### Член 4

Привремено одземените предмети од историско или културно значење како и предметите од поголема вредност се фотографираат. Фотографиите се приложуваат во евиденцијата предвидена во членот 3 став 1 на ова Упатство.

Член 5

Сите привремено одземени предмети, освен добиток, дрва, лесно расиплива стока и стока со ограничен рок на употреба, со пријавата се предаваат до надлежниот суд или орган на државната управа, доколку судот не одлучи истите и понатаму да се чуваат во Министерството. Во прилог на пријавата се приложува и примерок од потврдата за одземените предмети како и останатата документација што се однесува на привремено одземените предмети предадени на чување во соодветни претпријатија.

До поднесување на пријавата од ставот 1 на овој член, привремено одземените предмети, по правило, се чуваат во посебно за таа цел определени простории во подрачната организациона единица на Министерството чие службено лице го извршило одземањето.

Член 6

Доколку постои интерес за определено старо или карактеристично оружје, муниција, експлозивни средства, фалсификувани девизни средства или опојна дрога (во мала количина) да се чува како музејска збирка или заради дополнително остручување во соодветната област, може истото да се побара од судот кој одлучува за привремено одземените предмети.

Член 7

Во случаите кога овластените службени лица во Министерството, ќе утврдат дека не постои основ за поднесување пријава за поведување на соодветна постапка, привремено одземените предмети се враќаат на лицето од кое се одземени, за што се составува посебен записник.

## II. ПОСТАПКА СО ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ

Член 8

За привремено одземените предмети, овластеното службено лице составува потврда во три примероци од кои третиот примерок му се предава на лицето од кого се одземени предметите.

Потврдата од ставот 1 на овој член ги содржи следниве елементи: лични податоци за лицето од кое се одземени предметите, име на овластеното службено лице кое ги одзело предметите, основот по кој е извршено одземањето, опис на предметот даден според неговите општи или индивидуални карактеристики по број, вид, марка или одреден квалитет и датум кога е одземен предметот.

Потврдата е утврдена на образец број 1 кој е составен дел на ова упатство.

### 1. Постапка со одземено злато, златни предмети, денари и девизи

Член 9

На одземеното злато, златни предмети, денари и девизи веднаш по одземањето, во присуство на лицето од кое се одземени, во овластена институција им се утврдуваат карактеристиките и квалитетот, за што се составува записник.

За одземените денари и девизи, покрај податоците од ставот 1 на овој член, во записникот поединечно се внесуваат апоените и сериските броеви.

### 2. Постапка со одземени возила, опојна дрога, оружје, муниција и експлозивни средства

Член 10

Привремено одземените возила до поведување на соодветна постапка, се чуваат во авто паркот односно гаражите во Министерството.

Член 11

Одземената опојна дрога се вештачи во Министерството, за што се составува записник во кој се констатира видот, количината и квалитетот на опојната дрога.

Одземената дрога од ставот 1 на овој член се сместува во посебни вреќи кои се запечатуваат и пломбираат со жиг на Министерството.

Член 12

Со оружјето одземено во управна постапка се постапува согласно Законот за набавување, поседување и носење на оружје.

**3. Постапка со одземен добиток**

Член 13

Одземениот добиток до завршувањето на судската постапка односно постапката на надлежниот орган на државната управа се предава на чување во претпријатие регистрирано за чување и одгледување на добиток.

**4. Постапка со одземени дрва**

Член 14

Одземените дрва до завршувањето на судската постапка односно постапката на надлежниот орган на државната управа се предаваат на чување во претпријатијата од областа на шумарството и дрвната индустрија, доколку судот односно друг надлежен орган поинаку не одлучи.

**5. Постапка со лесно расиплива стока и стока со ограничен рок на употреба**

Член 15

Одземената стока која е подложна на брзо расипување или која е со ограничен рок на употреба, ќе се предаде на претпријатие чија дејност е вршење на промет и услуги со таков вид на стоки.

Договорот за предавање на стоката од ставот 1 на овој член го потпишува раководителот на подрачната организациона единица.

III. ПОСТАПКА СО ПРОНАЈДЕНИ ПРЕДМЕТИ

Член 16

За секој пронајден предмет овластеното службено лице составува записник кој треба да содржи: место и време на наоѓањето, опис на предметот даден според неговите општи или индивидуални карактеристики по број, вид, марка или одреден квалитет, податоци за наоѓачот на предметот и неговата адреса на живеење.

Подрачните организациони единици на Министерството, за секој пронајден предмет во рок од 3 дена доставуваат копија на записникот од ставот 1 на овој член до седиштето на Министерството - во организационата единица која врши материјално-финансиски работи.

Член 17

Овластеното службено лице по приемот на предметот врши проверка во евиденцијата на украдените предмети и доколку се утврди сопственикот, истиот се повикува да го подигне предметот.

Член 18

Ако за пронајдениот предмет се води судска или управна постапка, ќе се применува постапката пропишана во членовите 8 до член 15 на ова упатство.

Член 19

Пронајдените предмети за кои не се води управна или судска постапка, се чуваат во за тоа посебно одредени простории во подрачните организациони единици на Министерството, освен ако има потреба дел од предметите да се чуваат во седиштето на Министерството.

Доколку во рок од 1 година од денот на наоѓањето на предметите не се пронајдат или не се јават сопствениците, тогаш предметите ќе се продадат на претпријатие овластено за производство и промет со предмети од таков вид, односно соодветни предмети ќе останат за користење во Министерството. Исклучок се предметите кои од објективни причини не може да се чуваат долго време, лесно расипливата стока и добитокот кој веднаш по пронаоѓањето се продаваат односно предаваат на претпријатие овластено за производство и промет со предмети од таков вид.

Член 20

Продажбата на пронајдените предмети се врши на јавна лицитација, во седиштето на Министерството.

Паричните средства добиени со продажбата на предметите согласно законот се уплатуваат на сметка на Републичкиот буџет.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 21

Со привремено одземените предмети за кои е во тек судска или управна постапка и пронајдените предмети на кои им истекол рокот од една година од денот на наоѓањето, а се уште не се продадени, ќе се постапува согласно одредбите на ова упатство.

Член 22

Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 121-42896/1
26 октомври 1995 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
д-р **Љубомир Фрчкоски,** с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

УВР ______________________
ОВР ______________________
ПС ______________________
Бр. ______________________
______________________ година

Врз основа на член 3 став 1 од Упатството за начинот на постапување на овластените службени лица во Министерството за внатрешни работи со привремено одземени и пронајдени предмети ("Службен весник на РМ" бр.__________) се издава

# ПОТВРДА

за привремено одземени предмети

На ден ______________ година во ______________________________________ од лицето ______________________________________ роден-а ______________ година во ______________________, со живеалиште во ______________________ на ул. ______________________________ бр. __________, овластеното службено лице ______________________________ привремено ги одзеде следните предмети ( дадени според нивните општи или индивидуални карактеристики по број, вид, марка или одреден квалитет)

1. ______________________________________________
2. ______________________________________________
3. ______________________________________________
4. ______________________________________________
5. ______________________________________________
6. ______________________________________________
7. ______________________________________________
8. ______________________________________________
9. ______________________________________________
10. ______________________________________________

Наведените предмети се предмет на : ______________________________________
______________________________________________________________

(основ по кој е извршено одземањето)

ПРЕДМЕТИТЕ СЕ ОДЗЕМЕНИ ОД          М.П.          ОВЛАСТЕНО СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ

______________________                              ______________________